<u>КОМОРА НА МЕДИЈАТОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА</u>

# С Т А Т У Т

## НА КОМОРАТА НА МЕДИЈАТОРИ

**17.07. 2017 година**
**С К О П Ј Е**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

II. ЦЕЛИ НА КОМОРАТА НА МЕДИЈАТОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

III. ОРГАНИ И ТЕЛА НА КОМОРАТА

СОБРАНИЕ НА КОМОРАТА.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМОРАТА

УПРАВЕН ОДБОР

НАДЗОРЕН ОДБОР

ЕТИЧКИ СОВЕТ НА КОМОРАТА

IV.ПРАВА И ОБВРСКИ НА МЕДИЈАТОРОТ

ПРАВА

ОБВРСКИ

V.ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАРА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПРЕСТАНОК НА СВОЈСТВОТО НА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР, НАДЗОРЕН ОДБОР И ЕТИЧКИ СОВЕТ

VI. ПРЕСТАНОК НА СВОЈСТВОТО МЕДИЈАТОР

VII.УТВРДУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ НА МЕДИЈАТОРИТЕ

VIII.ПОСТАПКА ЗА УПИС И БРИШЕЊЕ ОД ИМЕНИКОТ НА ЛИЦЕНЦИРАНИ МЕДИЈАТОРИ

IX.ФИНАНСИРАЊЕ НА КОМОРАТА

X.АДМИНИСТРАТИВНО ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ

XI. СВЕЧЕНИ ПРИЗНАНИЈА

XII.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Врз основа на член 67 во врска со член 32,34 и 38 став 2 точка 5 од Законот за медијација („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 188/13, 148/15. 192/15 и 55/16), како и Согласноста од Министерство за правда бр. од ____________ 2017, лиценцираните медијатори на Република Македонија на Изборното Собрание на Комора на Медијатори на Република Македонија одржано на 17.07. 2017 година, во согласност дадените овластувања да ги извршуваат медијаторските работи според одредбите од Законот за Медијација и воопшто позитивните законски прописи и правила кои се однесуваат на мирното решавање на споровите и според принципите на медијацијата како алтернативен начин на решавање на споровите, го донесоа следниот:

# С Т А Т У Т

# НА
# КОМОРАТА НА МЕДИЈАТОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Статут се утврдува: името на Комората, седиштето на Комората, службениот печат и штембилот, логото на организацијата,начинот на верификација на актите на медијаторот, знамето на организацијата, надлежноста, составот, начинот на избор на органите, правата и обврските на органите на управување, актите на Комората, средствата и фондовите на Комората, правата и обврските на медијаторите во Комората, надзорот на работењето на Комората и медијаторите, дисциплинската одговорност, членарината, вршењето на медијаторската работа, именикот на медијатори, стручната служба на Комората, изгледот на медијаторсата легитимација, како и други одредби од работењето на медијаторите и Комората на медијатори.

### Член 2

Лиценцираните Медијатори на Република Македонија (во понатамошниот текст медијатори) се организирани во Комора на Медијатори како непрофитна организација со својство на правно лице која дејствува на целата територија на Република Македонија.

Медијацијата може да ја врши медијатор што се стекнал со лиценца за вршење на медијаторски работи, односно лице кое го положило испитот за проверка на теоретските познавања и практични вештини на медијација пред Одборот за

обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата и кое ќе презентира склучен договор за осигурување од одговорност за штета, на износ кој се утврдува во Законот за Медијација и е запишан во Именикот на медијатори на Република Македонија, како и лице кое се стекнало со лиценца за медијатор и истото успешно ја има поминато евалуацијата за квалитетот на работењето како лиценциран медијатор од страна на Одборот за Медијација при Министерството за правда.

Член 3

Целосниот назив на Комората гласи: КОМОРА НА МЕДИЈАТОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА- Скопје (во натамошниот текст Комората).

Скратениот назив на Комората е: КМРМ – Скопје.

Целосниот назив на Комората на Англиски јазик гласи: Chamber of Mediators of the Republic of Macedonia- Skopje.

Скратениот назив на Комората на Англиски јазик е: CMRM-Skopje.

Член 4

Седиштето на Комората е во Скопје.

Адресата на седиштето на Комората се определува со одлука на Управниот Одбор на Комората.

Заради подбра организација и соработка пред се на медијаторите меѓусебно и на медијаторите со Комората, како и заради полесна достапност на заинтересираните страни до медијаторите и воопшто медијацијата како начин на решавање на споровите, Комората, со одлука на Собранието дадена на предлог на Управниот одбор, доколку постојат оправдани причини и повод, може да отвори одделенија во други градови во државата, надвор од Скопје, привремено (мобилно одделение) или трајно, согласно посебен Правилник за организациска поставеност на Комората кој ќе го уредува ова прашање.

Член 5

Комората работи како непрофитна организација со својство на правно лице и за обврските одговара со целиот свој имот.

Член 6

Комората има свој заштитен знак – лого.

Формата и содржината на заштитниот знак – лого ја утврдува Собранието на Комората, по предлог на Управниот одбор, врз основа на Правилник за форма,

содржина и начин на користење на печат, штембил, легитимација, значка и табла на медијаторот. Правилникот го донесува Собранието, на предлог на Управниот одбор.

Член 7

Комората води Именик на медијатори, (во натамошниот текст Именикот).

Комората води деловни книги во согласност со закон.

Комората има свој печат и штембил.

Службениот печат има форма на елипса со дијаметар од 6 см во ширина и 3,5 цм во висина.

Во внатрешната страна на печатот во форма на елипсата е испишан следниот текст: "Комора на медијатори на Република Македонија"

Во средината на печатот стои заштитниот знак – лого на Комората и Седиштето – "Скопје".

Член 8

Штембилот на Комората е со правоаголна форма со димензии по должина со 7 см. и ширина со 3,5 см., и на него е испишано:

Комора на медијатори на Република Македонија и празен простор за број и датум на писменото што се прима или испраќа и во последнит ред стои : во Скопје.

Штембилот на Одделенијата на Комората е со правоаголна форма со димензии по должина со 7 см. и ширина со 3,5 см., и на него е испишано:

Комора на медијатори на Република Македонија и празен простор за број и датум на писменото што се прима или испраќа и во последнит ред стои : во: празно место.

Член 9

Комората ја претставува и застапува Претседателот на Комората.

Правата и обврските на Претседателот на Комората се утврдуваат во согласност со Законот за медијација и одредбите на овој Статут, како и другите акти на Комората.

Член 10

Комората може да членува во домашни и меѓународни организации, сојузи и други правно регистрирани асоцијации чија претежна дејност е од областа на медијацијата.

Член 11

Работата на органите на Комората е јавна и транспарентна.

Во одредени случаи и за одредени прашања, јавноста во работата на органите на Комората може да биде исклучена. Претседателот на Комората може да одлучи да ја исклучи јавноста, ако смета дека се расправа за прашања од доверлива природа или од оправдана причина смета дека јавноста треба да биде исклучена.

## II. ЦЕЛИ НА КОМОРАТА НА МЕДИЈАТОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 12

Основни цели на Комората се:

1.Унапредување, координирање и развивање на медијацијата;

2.Водење на медијаторската работа во Република Македонија, постапувајќи во согласност со Законот за медијација и подзаконските акти од оваа област, како и другата законска регулатива, со посебен акцент на начините на вршењето на контрола над работењето на медијаторите;

3.Заштита на самостојноста и независноста на медијаторите во вршењето на функцијата; континуирано стручно оспособување на медијаторите;

4.Остварување на јавноста и транспарентноста на работата на Комората и вршењето на работата на медијаторите и

5.Остварување соработка на меѓународен план со национални и меѓународни организации.

Член 13

Своите цели Комората ќе ги остварува преку:

1.Организирање редовни средби со претставници на Министерството за правда на Република Македонија, со претставници на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работата на медиајцијата, претставниците на другите државни органи, судовите, и други заинтересирани страни за афирмација на медијацијата и меѓусебни средби на медијаторите ;

2.Иницирање прашања и предлози во однос на законската и подзаконската регулатива до Министерството за правда кои се однесуваат на поефикасно вршење на медијацијата во РепубликаМакедонија;

3.Организирање семинари и предавања, работилници самостојно или во соработка со Министерството за правда, научните и стручни институции и здруженија од Република Македонија и странство, на теми за медијацијата и воопшто

функционирањето на правниот систем и владеењето на правото од интерес за оваа дејност;

4.Спроведување на обуки за медијатори според програми за обука на медијатори, акредитирани од Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работата на медиајцијата;

5.Издавање информатор, журнал на Комората во функција на интерно информирање на медијаторите како за активностите на Комората, така и за вршењето на медијаторската работа;

6.Осмислена и организирана соработка со електронски и печатени медиуми, во функција на информирање на јавноста за медијаторската работа и обезбедување транспарентност во работата на медијаторите;

7.Водење на Именик на медијаторите согласно Правилник за формата, начинот на водење на именикот, уписот и бришење од Именикот на медијатори;

8.Издавање на уверение за факти за кои води евиденција и

9.Утврдување на висината на членарната за членовите на комората.

Член 14

Своите цели Комората ги уредува и извршува во согласност со Уставот, законите, меѓународните договори ратификувани во согласност со закон, подзаконските прописи, одредбите од овој Статут и другите акти на Комората.

## III. ОРГАНИ И ТЕЛА НА КОМОРАТА

Член 15

Органи на управување на Комората се:

1.Собрание на Комората (во понатамошниот текст Собрание);

2.Управен Одбор;

3.Надзорен Одбор

4.Претседател на Комората;

5.Етичкиот совет на Комората (во понатамошниот текст Етички совет).

Комората за остварување на целите, функционирањето и потребите со одлука на управниот одбор формира соодветни тела на Комората, работни групи, комисии и др.

Членовите во сите органи и тела се избираат и се разрешуваат во постапка и на начин предвиден во Законот за медијција и Статутот на Комората.

При кандидирањето на членовите на органите на Комората се води сметка за територијалната и професионалната застапеност на медијаторите, со цел да се

избегне доминација на една професија на членовите во органите на Комората.

**Собрание на комората**

Член 16

Собранието го сочинуваат сите лиценцирани медијатори запишани во Именикот на медијатори.

Собранието работи на седници.

Седниците на собранието се однесуваат на членовите на Комората.

На покана на Претседателот или со претходна одлука на Управниот одбор, може да бидат поканети и други лица во својство на гости или почесни членови на седницата на Собранието.

Собранието може да ја одржи седницата и да донесува одлуки ако на неа со лично присуство - присуствуват најмалку една половина од вкупниот број на медијатори кои што се запишани во Именикот на медијатори.

Доколку на седницата на Собранието не присуствуваат најмалку половина од вкупниот број медијатори, веднаш се закажува нова седница во рок од осум дена, сметано од денот на неуспешно одржаната седница, за што електронски се известуваат сите медијатори на веб страната на Комората и на нивните лични електронски сандачиња претходно писмено пријавени во Именикот на Комората.

За работа на новата седница на Собранието е потребно присуство на една третина на медијаторите запишани во Именикот на медијатори, а за носење на одлуките е потребно мнозинство од присутните членови.

Член 17

Собранието се одржува по потреба и најмалку еднаш годишно.

Собранието го свикува Претседателот на Комората, Дневниот ред на Собранието го предлага Претседателот на Комората, а го усвојува Собранието.

Членовите на Собранието се известуваат електронски на веб страната на Комората и на нивните лични електронски сандачиња претходно писмено пријавени во Именикот на Комората за времето и местото на одржување на закажаната Седница на Собранието најмалку седум (7) дена пред нејзиното одржување, а во итни случаи може и во покус рок, но не помал од три (3) дена.

Член 18

Собранието задолжително се свикува ако тоа писмено го побараат повеќе од една третина од членовите на Собранието со предлог на дневен ред.

Известувањето се врши по писмен пат со достава на материјали.

На барањето на членовите од став 1, Претседателот е должен да свика седница

на Собранието во рок од десет (10) дена.

Во случај ако Претседателот не свика седница, иницијаторите писменото барање го доставуваат до Управниот одбор на Комората.

Во случај ако Управниот одбор во рок од десет (10) дена од приемот на барањето не ја свика седницата, седницата ја свикуваат иницијаторите во рок од наредните (5) дена со известување до секој од членовите по електронски пат или на друг начин.

Член 19

Собранието може да се свикува редовно и вонредно:

(1)На Изборното Собрание се усвојува извештајот за работата и постигнатите резултати на сите органи на Комората, постојани комисии и работни тела, се избираат членовите на органите на Комората врз основа на одредбите на Статутот и законот, истотака се предлага Програмата за работа за наредниот перод на Комората.

(2)Редовното собрание се одржува најмалку еднаш годишно, најдоцна до месец март од одржување на последното Собрание. На редовното Собрание се усвојуваат:

-извештајот за работата и постигнатите резултати на сите органи на Комората, постојаните комисии и работни тела- за изминатиот период помеѓу две Собранија,

-се усвојува финансискиот извешатј на Комората

-се избираат членовите на органите на Комората врз основа на одредбите на Статутот и законот и

-се предлага Програмата за работа за наредниот перод на Комората. Составен дел на Програмата за работа се и плановите на сите комисии и работни тела и

(3)Вонреднао Собрание се одржува кога за тоа по писмен пат, дале иницијатива - најмалку 1/3 од вкупен број на активни членови на Коморта-кои се запишани во Именикот, во согласност со чл.19 од Статутот. Иницијаторите за вонредното Собрание имаат обврска да достават до членовите на Комората во прилог соодветни материјали и точките на дневниот ред за кои ќе се расправа на седницата која ја свикуваат.

Член 20

На првата конститутивна седница на Собранието –Комисијата за верификација се бира од редовите на членовите на Собранието на Комората на медијатори. Во Комисијата за верификација се бираат три члена.

Член 21

На секоја седница на Собрание на Комората се избира Комисијата за верификација.

Задача на Комисијата за верификација е:

-Да ја провери присатноста на членовите на Собранието

-Да го информира Претседателот на Комората за точниот број на присутни членови и нивните имиња кои имаат право на глас во согласност со Статутот на Комората.

-Да поднесе извештај пред усвојување на дневниот ред на Собранието кој ке биде прочитан од Претседателот на комисијата на седницата на Собранието на Комората.

-Да провери дали составот на утврдените -предложени членови за органите на комората одговара на составот на истакнатите кандидатури од медијаторите за членови во органите на Комората, согласно пропишаните критериуми во Статутот и Законот за медијација и

-Комисијата за верификација доставува Извештај до председателот на Изборното Собрание односно председателот на Комората за бројот и редоследот на истакнати кандидатури во органите на Комората, кои можат да се бираат полноважно согласно Статутот и Законот за медијација за членови во органите на Комората.

Член 22

Комисијата за верификација има обврска:

1.Да го информира и запознае Собранието со предложените кандидати за членови во органите на Комората, комисии и работни тела,

2.Да ги информира присатните на седницата дека секој член на Собранието има право на еден глас-односно за вкупниот број на присутни на седницата и

3.Да ги објави одлуките на членовите на Собранието по спроведеното гласање кое Комисијата за верификација го заклучува врз основа на бројот на гласовите.

**Член 23**

На Избирачкото Собрание се избира од членовите на Комората -Комисија за избор и именување. Задачата на Комсија за избор и именување е да ја спроведе постапката за гласање за членовите на носителите на одредени функции на работни комисии и работни тела, како и на членовите на органите на Комората предвидено со Законот и Статутот на Комората

Откако членовите на Собранието ги направат потребните гласања за избор на кандидати -Комсијата за избор и именување ги објавува резултатите од гласањето.

**Член 24**

Комисија за избор и именување покренува иницијатива и припрема материјал за избор на кандидати за обавување на функции во органите на комората ,кандидати за други функции и членови на работни тела кој ги именува Собранието во согласност на Статутот на Комората

Изборт на членови во Органите на комората се врши со лично присуство и тајно гласање во согласност со одредбите на Статутот на Комората и Законот за медијација. Избрани се сметаат кандидатите во органите на Комората кој добиле мнозинство гласови од присатните членови на Собранието

Избор на кандидати за функции и членови во работни тела, за чиј избор е предвидено со Статутот, изборот се врши со јавно гласање, со дигање на рака на членовите на Управниот одбор. Избрани се сметаат кандидатите за функции и членови во работните тела кој добиле 2/3 гласови од сите избрани членови на Управниот одбор. Со јавното гласање раководи претседателот на Управниот одбор. Резултатите од гласањето се внесуваат во записник од седницата на Управниот одбор.

По исклучок во одредени ситуации, кога тоа го налгаат околностите, избор на кандидати за функции и членови во работни тела, може да се врши и со тајно гласање, со претходна согласност на 2/3 гласови од сите избрани членови на Управниот одбор. Со тајното гласање раководи претседателот на Управниот одбор. Резултатите од гласањето се внесуваат во записник од седницата на Управниот одбор.

Член 25

Собранието ги врши следните работи:

1. Ги застапува и штити професионалните интереси на своите членови;
2. Ја донесува програмата за работа на Комората;

3. Ја донесува годишната програмата за работа на Управниот одбор на Комората;
4. Распарава по приговори, претставки, жалби или предлог од Управниот одбор или кој било член на Комората во ситуации кога се поведува постапка за упис, исклучување од членство и бришење на медијатор од Именикот на медијатори (во понатамошниот текст Именикот);
5. Го донесува Статутот на Комората, Етичкиот кодекс на медијаторите, други акти предвидени со овој закон и се грижи за нивна примена;
6. Расправа за прашања непосредно поврзани со целите и задачите на здружувањето во Комората;
7. Ги избира и разрешува членовите на органите на Комората согласно со одредбите на Законот за медијација, Статутот и другите акти на Комората;
8. Го усвојува годишниот извештај на Етичкиот совет на Комората;
9. Го донесува Деловникот за работа на собранието на Комората;
10. Го донесува Деловникот за работа на Управниот одбор;
11. Го донесува Деловникот за работа на Надзорниот одбор;
12. Го усвојува годишниот финансиски извештај за работењето и користењето на средствата на Комората;
13. Го разгледува предлогот на периодична и годишна пресметка од Управниот Одбор, изготвен по претходна согласност на Надзорниот одбор;
14. Носи одлука за користење на средства за одредена намена во износ кој надминува износ од 5.000 евра во денарска противвредност;
15. Се грижи и е одговорно за целосното користење на средствата на Комората;
16. Одлучува за висината на членарината и начинот на нејзиното плаќање и користење;
17. Се грижи за промоција и развој на медијацијата во Република Македонија;
18. Ги избира комисиите и други работни тела, предвидени со актите на Комората, предложени од Управниот одбор на Комората;
19. Ги донесува правилниците како општи акти на Комората, со просто мнозинство, по претходно изготвување и нивно доставување од страна на Управниот одбор и
20. Врши други работи утврдени со закон и Статут.

**Претседател на комората**

Член 26

Претседателот на Комората го избира Собранието со мандат од две години, со можност за еднократен реизбор.

Претседателот на Комората ги врши следните работи:

1.Ја претставува и застапува Комората;

2.Претседателот на Комората по функција е претседател на Управниот одбор;

3.Во отсуство на претседателот, по негово овластување или со одлука на Управниот одбор, Комората може да ја застапува и член на Управниот одбор;

4.Претседателот на комората ги потпишува одлуките на Собранието, на Управниот одбор и ги потпишува финанските документи;

5.Ги свикува седниците на Собранието и на Управниот Одбор;

6.Се грижи за реализација на Програмата за работа на Комората;

7. Ја штити личноста и интегритетот на секој лиценциран медијатор и

8.Врши други работи предвидени со Законот за медијација и актите на Комората.

## Управен одбор

Член 27

Управниот Одбор е извршен орган на Собранието и го сочинуваат седум (7) членови кои ги избира Собранието, а начинот на работа на Управниот одбор е утврден со Статут на Комората, Деловникот за работа на Управниот одбор.

Претседателот на Комората по функција е член и Претседател на Управниот Одбор.

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае две години со можност за еднократен реизбор.

Член 28

Управниот Одбор на Комората ги врши следните работи:

1.Ги подготвува седниците на Собранието на Комората;

2.Го утврдува предлогот на Статутот ,ги утрдува предлог Правилниците и други акти на Комората, кои ги усвојува Собранието на Комората и прибавува предходна согласност од Министерството за правда за актите за кои тоа е предвидено со одредбите на Законот за медијација;

3.Ја спроведува политиката и ги извршува заклучоците и одлуките донесени на собранието на Комората;

4.Се грижи за наплата на членарината;
за средствата и имотот на Комората;

5.Составува предлог на периодична и годишна пресметка на мислење од Надзорен Одбор;

6.Одлучува за други прашања кои се во негова надлежност , согласно закон или Статутот на Комората;

7.Се грижи за примена на Статутот, Етичкиот кодекс на медијаторите, на медијаторите и другите општи акти на Комората;

8.Дава стручна помош на членовите на Комората заради унапредување на праксата во спроведување на медијацијата;

9.Ја следи примената на прописите од значење за медијацијата и дава иницијатива за законски измени и дополнувања;

10.Објавува студии, зборници на трудови, стручни прирачници, информатори и други документи од областа на медијацијата;

11.Организира научни и стручни собири од областа на медијацијата;

12.Ја информира стручната и широката јавност за медијацијата, преку лице овласетно од Комората;

13.Ја извршува годишната програма донесена од Собранието на Комората;

14.Предлага Деловници до Собранието на Комората;

15. Предлага и изготвува Правилници како општи акти на Комората кој ги усвојува Собранието на комората ;

16.Формира работни групи,комисии и други потребни тела за функционирање на работата на комората;

17.Донесува Одлука за промена на адресата на седиштето;

18.Донесува Одлука за отварање работни места за извршување административно технички работи;

19.Формира постојани и повремени комисии тела и ги наименува нивните членови според потребите на Управниот Одбор;

20.Донесува одлука за овластени потписници на жиро сметка на Комората;

21.Соработува со институциите на државата и со други субјекти;

22.Соработува во подготовките на прописите што се однесуваат на работата на медијаторите;

23.Се грижи за заштита на медијаторите пред надлежни органи и институции;

24.Одлучува во втор степен за правата од работниот однос за административно – техничкиот персонал;

25.Соработува и донесува Одлука за зачленување во домашни и меѓународни асоцијации, фондации и други институции од областа на медијацијата и

26.Врши и други работи определени со Законот за медијација, Статутот и општите акти на Комората, а кои не се во надлежност на друг орган.

Член 29

Седницата на Управниот Одбор ја свикува Претседателот на Управниот Одбор и раководи со неа.

Управниот Одбор може да работи ако се присутни повеќе од една половина (1/2) од членовите.

Одлуката се смета за донесена ако за неа гласале мнозинството од присутните членови.

Работата на Упрвниот одбор е врз основа Деловникот за работа на Управниот

одбор.

**Надзорен одбор**

Член 30

Надзорниот Одбор брои три (3) члена.

На првата седница на, од редот на членовите се избира претседател на Надзорниот Одбор.

Член 31

Надзорниот Одбор:

1.Работи врз основа на Деловникот за работа на Надзорниот одбор;

2.Ја следи примената на Законот за медијација, Статутот и другите општи акти на Комората од страна на органите и телата на Комората;

3.Го проверува материјалното и финансиското работење на Комората и

4.Ги разгледува периодичната и годишна сметка на Комората и дава мислење до Управниот одбор.

**Етички совет на комората**

Член 32

Етички совет на Комората брои седум (7) члена со мандат од три години без право на повторен избор.

На првата седница Етичкиот совет од своите членови избира Претседател на советот.

Етички совет:

1.Донесува Деловник за својата работа;

2.Расправа по иницијативи или предлог за примената на Етичкиот кодекс на медијаторите, доставен во писмена форма, поптишан од подносителите;

3.Доставува писмена покана до страните на кои се однесува иницијативата или предлогот;

4.Етичкиот совет по завршување на распаравата по иницијативите или предлогот на подносителите, донесува мислење за изрекување на мерка со мнозинство од вкупниот број членови. Мислењето на етичкиот совет се доставува до Собранието на Комората, кој е должна да го постави на разгледување на седница на Собранието, по што се донесува одлука за прифаќање или отфрлање на истото и

5.Се грижи за остварување на етичките стандарди на професијата, согласно кодексот за етичко однесување на медијаторот.

## IV. ПРАВА И ОБВРСКИ НА МЕДИЈАТОРОТ

Член 33

Правата и обврските на медијаторот се уредени со Законот за медијација и со другите нормативни акти на Комората.

**Права**

Член 34

Медијаторот ги има следните права:

1.Да ги поттикнува страните во постапката за медијација целосно да соработуваат и да обезбедуваат информации за успешно решавање на спорот;

2.Да комуницира со страните во постапката, заедно или одделно;

3.Да изнесува сопствени предлози или само да ги насочува страните за спогодбата во кое и да е време на постапката со која се решава спорот, доколку поинаку не е договорено;

4.Да ја изготви спогодбата во писмена форма по барање на страните во постапката и според нивните интереси и укажувања, доколку му ја доверат страните оваа обврска;

5.Да ја завери спогодбата со свој потпис и на истата става печат и штембил по нејзино претходно потпишување од страните во постапката;

6.Да побара од страните да депонираат аванс за трошоците на постапката;

7.Да се откаже со писмена изјава од постапката за медијација, доколку страните не го платат во целост авансот во рок од осум (8) дена од денот на барањето на медијаторот и

8.Да прими награда и да добие надоместок за трошоците на медијација во согласност со Тарифникот за награда и надоместок на трошоците на медијаторите и

9.Да одлучи да ја спроведе постапката без паричен надоместок од страните, односно бесплатно.

**Обврски**

Член 35

Медијаторот ги има следните обврски:

1.Да ја врши медијацијата во согласност со одредбите од Законот за медијација, при тоа почитувајќи ги утврдените принципи на медијацијата;

2.Да ги почитува одлуките на органите на Комората;

3.Да ја започне медијацијата на денот кога страните во спорот во писмена

форма се согласиле дека ќе учествуваат во медијацијата, или на денот кога го примил барањето за спроведување медијација, кај споровите кај кои е предвидено задолжителен обид;

4.Да ги запознае страните во спорот пред почетокот на постапката со улогата на медијаторот, принципите, правилата и трошоците на постапката;

5.Да постапува неутрално, непристрасно и правично во постапката за медијација спрема страните или предметот во спорот;

6.Да ги зема предвид сите околности во предметот, интересите на страните и потребата за брзо, ефикасно, економично и трајно решение на спорот;

7.Да ги чува информациите добиени во постапката за медијација за кои страните или страната се согласиле дека се од доверлив карактер, ако тоа не е поинаку предвидено со Закон;

8.Да ги извести страните во постапката за постоење Конфликт (судир) на интереси од негова страна;

9.Да им достави писмено образложен трошковник за потрошените средства по завршувањето на постапката, а остатокот од непотрошените средства е должен да им го врати во рок од осум (8) дена;

10.Првата членарина да ја плати на Комората осум (8) дена по уписот во Именикот на Медијатори, а секоја следна годишна членарина медијаторите кои се веќе запишани во Именикот на медијатори, се должни да ја платат наеднаш- најдоцна до 30 Јануари;

11.Да достави пријава до Комората на медијатори за упис во Именикот во рок од 30 дена од денот на формирањето на Комората. Во пријавата задолжително да ги наведе своите основни податоци како да биде запишан во Именкот по однос емаил, адреса, мобилен итн);

12.Да го пријави предметот во Регистарот за евиденција на постапките за медијација во Министерството за правда, секое започнување на постапката за медијација, секое завршување на постапката за медијација, вид и вредност на спорот, најдоцна во рок од 30 дена по завршување на предметот, согласно Законот за медијација и

13. Медијаторот има обврска да ги заведува сите постапки- иницирани кај него, да ги заведува во посебен Регистар за евиденција на постапките на медијација. Формата, содржината и начинот на регистрирање на предметите на медијација се уредуваат со посебен Правилник за форма, содржина и начин на регистрирање на предметите на медијација..

## V. ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАРА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПРЕСТАНОК НА СВОЈСТВОТО НА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР, НАДЗОРЕН ОДБОР И ЕТИЧКИ СОВЕТ

Член 36

Претседателот на Комората и членовите на Органите на комората се разрешуваат во постапка и начин на кој што се избрани согласно член 39 од Законот за медијација.

Функцијата Претседател на Комората и членови на Органите на комората им престанува:

1.Со истек на мандатот за кој што се избрани во органите на Комората;

2.Со губење односно не продолжување на лиценцата од страна на одборот;

3.Со лишување на медијаторот од деловна способност;

4.Со смрт на медијаторот;

5.Со дополнително утврдување на факти кои што се спротивни на законските услови на стекнување на лицецнцата медиајтор;

6.По сопствено барање односно по слободно изразена волја со писмена оставка до Управниот одбор на Комората;

7.По истек на мандатот определен со Законот за медијација;

8.Од причини утврдени во Законот за медијација;

9.Поради не плакање на годишната членарина во роковите утврдени со статутот и останатите акти кои што произлегуваат од него;

10.Со конечна одлука за одземање на лиценцата за медијатор;

11.Со конечна одлука за непродолжување на лиценцата за медијатор;

12.Поради сторена потешка дисциплинска повреда која го прави недоличен за членство во Управен одбор, Надзорен одбор и Етички совет, по конечноста на одлука со која се утврдува повредата;

13.Со губење на државјанството на медијаторот;

14.Со изрекување на правосилна судска пресуда за нанесување на штета на комората;

15.Со изрекување на правосилна судска пресуда во кривична постапка за утврдување на вина во однос на дејствија насочени против комората;

16.Со непочитување и непридржување на одредбите на Статутот одредбите од Деловникот и одредбите од Правилниците на Комората, во соодветна дисциплинска постапка, врз основа на Правилник за утврдување на дисциплинска одговорност;

17.Во случај на престанок на извршување на функцијата Претседател, пред истекот на мандатот определен со Закон, со одлука на Управниот одбор се назначува В.Д. Претседател од редот на членовите на Управниот одбор, во рок не подолг од 15

дена од денот на престанокот на функцијата на Претседателот на Комората, кој ќе ја извршува функцијата Претседател единствено во поглед на организирањето на нов избор на Претседател, како и свикување на вонредно Изборно собрание на Комората, во рок не подолг од 30 дена од денот на назначувањето на В.Д. Претседател и

18.Во случај на престанок на извршувањето на функцијата член на Управниот одбор, Надзорен одбор, и Етички совет пред истекот на мандатот определен со Закон, заради непречено одлучување во поглед на обезбедување правилно донесување одлуки, се назначува нов член, со одлука на Собранието од редот на членовите на собранието кои ќе се кандидираат. Рокот од точка 17 од овој член се однесува и за членовите на органите на Комората.

## VI. ПРЕСТАНОК НА СВОЈСТВОТО МЕДИЈАТОР

Член 37

Својството на медијатор престанува:

1.Со губење односно не продолжување на лиценцата од страна на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, во согласност со одредбите од Законот за медијација;

2.Со лишување на медијаторот од деловна способност;

3.Со смрт на медијаторот;

4.Со дополнително утврдување на факти кои што се спротивни на законските услови на стекнување на лицецнцата медиајтор;

5.По сопствено барање односно по слободно изразена волја со писмено барање за бришење од Именикот;

6.Од причини утврдени во Законот за медијација;

8.Со конечна одлука за одземање на лиценцата за медијатор;

9.Со конечна одлука за непродолжување на лиценцата за медијатор;

10.Поради сторена потешка дисциплинска повреда која го прави недоличен за членство во Комората на медијатори на Република Македонија;

11.Со губење на државјанството на медијаторот;

12.Со изрекување на правосилна судска пресуда за нанесување на штета на Комората и

13.Со изрекување на правосилна судска пресуда во кривична постапка за утврдување на вина во однос на дејствија насочени против Комората.

## VII. УТВРДУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ НА МЕДИЈАТОРИТЕ

Член 38

На медијаторите во врска со непочитување на Законот за медијација, Статутот на Комората и Етичкиот кодекс на медијаторите, Управниот Одбор донесува предлог на Правилник за дисциплинска одговорност и санкции на медијаторот, а го носи Собранието на Комората.

Лиценцата за работа на медијаторот се одзема во врз основа на правосилна судска или конечна управна одлука.

## VIII. ПОСТАПКА ЗА УПИС И БРИШЕЊЕ ОД ИМЕНИКОТ НА ЛИЦЕНЦИРАНИ МЕДИЈАТОРИ

Член 39

Постапката за упис и бришење се спроведува врз основа на Правилник за формата, начинот на водење на именикот упис и бришење од Именикот на медијатори, кој по предлог на Управниот одбор го донесува Собранието на Комората со обично просто мнозинство.

Член 40

Правото на вршење медијаторски работи се стекнува по уписот во Именикот и истото се продолжува односно губи, по секоја евалуација за оценка на квалитетот на медијаторот .

По уписот во именикот, на медијаторот му се издава акт за упис во Именикот на медијатори и легитимација за медијатор во рок од пет (5) дена.

Формата и содржината на легитимацијата за медијатор се уредува со Правилник за форма, содржина и начин на користење на печат на медијаторот, штембил на медијаторот и легитимација на медијатори. Правилникот го предлага Управниот Одбор, а го носи собранието на Комората.

Медијаторот врз основа на издадениот акт, унифицираниот печат и штембил може да ги добие единствено преку Комората, според одредбите од Правилникот. Печатот на медијаторите има форма на елипса со дијаметар од 6 см во ширина и 3,5 цм во висина.

Во внатрешната страна на печатот во форма на елипсата е испишан следниот текст: "Комора на медијатори на Република Македонија",

Во средината на печатот стои заштитниот знак – лого на Комората, под логото е испишано името и презимето на медијаторот, а под него е испишан називот – лиценциран медијатор и број на лиценца.

Штембилот на медијатори е со правоаголна форма со димензии по должина со 7 см. и ширина со 3,5 см., и на него е испишано:

Логото на Комората на медијатори, под него стои името на медијаторот, а под него е испишан називот лиценциран медијатор и празен простор за број и датум на писменото што се прима или испраќа и во последнит ред стои : во празно место.

Трошоците за легитимацијата, печатот и штембил, се на товар на медијаторот.

Член 41

Во спорови со странски елемент медијатор може да биде и странски државјанин, со претходна согласност и знаење на Комората.

Странски државјанин може да спроведува медијации во Република Македонија, доколку е овластен да врши медијација и во матичната држава, по принципот на реципроцитет и во согласност со страните во спорот.

Евентуално постигната спогодба во медијација која се водела на територијата на РМ, со посредство на медијатор од странство, може да има правна важност и да се реализира на територијата на РМ, доколку е призната од КМРМ и изедначена со спогодба како од домашен медијатор, ако се утврди дека е во согласност со јавниот поредок и законите на РМ

## IX. ФИНАНСИРАЊЕ НА КОМОРАТА

Член 42

Комората се финансира од:

1.Годишна членарина од членовите на Комората која изнесува 50 Евра во денарска противредност;

2.Приходи остварени од издавачка дејност;

3.Приходи од подароци и донации;

4.Приходи кои се остварени од спроведувањето на обуките за медијатори според програми за обука на медијатори и обучувачи на медијатори , акредитирани од Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работата на медиајцијата;

5.Други приходи во согласност со Закон и

6. Уредување на содржината за начин на спроведување на обуките, организацијата од техничи аспект, како и распределбата на паричните средства добиени од спроведување на обуките, Собранието по предлог на Управниот одбор ќе донесе Правилник за начин на спроведување на обука, според акредитирана програма и начин и цели на распределба на приходите од обуката.

Член 43

Со одлука на Собранието на Комората може да се формираат фондови во согласност со Законите во Република Македонија.

Комората може со своите средства да формира Фондација за поддршка на медијацијата.

Член 44

Со средствата на Комората располага Управниот Одбор со одлуки што се извршуваат од страна на овластени потписници, а врз основа на овој Статут и Закон.

## X. АДМИНИСТРАТИВНО ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ

Член 45

Административно – техничките – работи за потребите на Комората ги извршуваат лица (со надомест или волонтерски) доколку за тоа има потреба-утврдено од Управниот одбор.

## X!. СВЕЧЕНИ ПРИЗНАНИЈА

Член 46

Свечени признанија, плакети и благодарници за успешната соработка со домашни и меѓународни субјекти и почесно членство, доделува посебна Комисија, во согласност со Правилник за доделување признанија, плакети и благодарници,во согласност со донесен предлог на Управен одбор кој го носи Собрание на Комората.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 47

Општи акти на Комората се:

1. Статут на Комората;
2. Етичкиот кодекс на медијаторите;

3. Тарифник за награда и надоместок на трошоците на медијаторите;
4. Деловници за работа на органи и тела на Комората;
5. Правилници и
6. Одлуки и други акти кои имаат карактер на општи акти.

Член 48

Актите на Комората мора да бидат во согласност со Уставот, Законот за медијација и другите закони.

Член 49

Актите кои ги донесува Собранието не можат да се пренесат во надлежност на другите органи на Комората.

Член 50

Актите на Комората ќе се донесат во рок од 6 месеци од денот на стапувањето во сила на овој Статут.

Член 51

Во случај на престанување на дејноста на Комората, нејзиниот имот преминува на дом за деца без родителска грижа, врз основа на донесена одлука на Собранието на Комората.

Член 52

Овој Статут влегува во сила на денот на неговото донесување.

Скопје: 17.07.2017 година

**КМРМ**

**Претседател**